Sweden Sverige

ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

UNDP

**ПОКАНА**

за учество на тренинг за развивање координативна платформа за чист воздух

Ни претставува задоволство и чест да Ве поканиме да учествувате на тренингот за развивање координативна платформа за чист воздух кој ќе се одржи на **18.12.2023** со почеток од **10 часот** во **просториите на зградата на поранешен Комитет, ул. Илинденска бб, Куманово**.

Тренингот го организира Центар за климатски промени, во рамките на проектот „Справување со загадување на воздухот", кој е дел од Програмската рамка на УНДП, финансирана од Шведска. Проектот го имплементира Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) во партнерство со Министерството за животна средина и просторно планирање и општините Кавадарци, Куманово, Гостивар, Струга и Струмица.

Тренингот ќе го спроведуваат Павлина Здравева, консултант и Бојан Ѓуричиќ, ИТ експерт а ќе им овозможи на учесниците да се запознаат со предностите на координативната платформа за чист воздух, начинот за нејзино користење и можностите кои таа ги обезбедува при креирањето политики за чист воздух. Воедно, тренингот ќе вклучи и практична работа за учесниците па затоа е потребно секоја од општините да номинира претставник најдоцна до 15.12, а освен тоа со себе да има на располагање и по еден лап топ.

Притоа напоменуваме дека од исклучително значење за оваа работилница е присуството на претставници на општината кои работат во релевантните сектори и одделенија.

Во прилог Ви ја доставуваме и агендата за тренингот.

Со надеж дека ќе ја прифатите оваа покана, и ќе бидете дел од тренингот, останувам со почит,

Бојана Станојевска Пецуровска,

Центар за климатски промени

Агенда

Тренинг за развивање координативна платформа за чист воздух

| | | |
|---|---|---|
| *10:00-10:30* | Регистрација на учесници | |
| *10:30-10:40* | Отварање на тренингот | Претставник на општината<br>УНДП претставник |
| *10:40-11:00* | Зошто е потребна Координативна платформа за квалитет на воздух и пример за Град Скопје | Павлина Здравева, консултант |
| *11:00-11:30* | Презентација на координативната платформа за петте пилот општини | Бојан Ѓуричиќ |
| *11:30-12:00* | Дискусија | |
| *12:00-12:20* | Пауза за кафе | |
| *12:20-14:00* | Координативна платформа во пракса (работен дел со општините) | |
| *14:00-15:00* | Ручек | |